**ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ‘’ Македонски Брод**
Ул:Партизанска бр33 6530 Македонски Брод тел/фах 045 - 274-131
www.oouklimentohridski.edu.mk e-mail:oukliment@yahoo.com;oouklimentt@t-home.mk
ou-kliment-ohridski.makedonskibrod@schools.edu.mk

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## На ООУ "Св.Климент Охридски" Македонски Брод
## за Учебната 2017/2018година



30.08.2017 година Македонски Брод



## 1.Вовед

**Основен и најзначаен документ за работа на училиштето претставува Годишната програма**.

Во овој документ се наведени главните правци по кои треба да се „движи“ училиштето во текот на учебната година. Тука се предвидени и конкретизирани активностите на ниво на училиште, носителите на тие активности, термините за нивна реализација, одговорностите на училишните субјекти како и очекуваните исходи и ефекти од нивното остварување. При изготвувањето на програмата беа вклучени 16 работни групи со кои раководеше комисија за изработка на Годишна програма.

**Подготвувањето и изготвувањето на Годишната програма за работа на ООУ“Св.Климент Охридски“ Македонски Брод се темели врз основа на законски документи и тоа:**

Законот за основно образование („Сл.весник на Р.М“ бр.103/2008) прочистен текст, Наставните планови и програми за основно образование; Правилникот за формата и содржината на годишната програма за работа на основните училишта и неговите измени од 01.02.2016 со бр.2-2290/1, Концепција за деветгодишно образование; Статут на училиштето; Програмата за развој што е изработена од страна на комисијата за учебните години:2016/2017, 2017/2018,2018/2019 и 2019/2020 година; Програмата за работа на училиштето од учебната 2016/2017 г.; Извештајот од самоевалуацијата за учебните 2015/2016 и 2016/2017 г. ; Извештајот од извршената интегрална евалуација во периодот 28.29 и 30. 12.2015година, Извештајот за финансиското работење на училиштето (користени записници од училишен одбор , наставнички совет.). Закон за работни односи, Закон за јавни набавки, Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони ; Подзаконски и интерни акти (Етички кодекс, деловници за работа на органите итн.), правилници (Правилник за работа на комисии, правилник за дежурства на наставници, правилник за работно време итн.)

Приоритетните цели на кои се темели годишната програма за работа во учебната 2017/2018 г. ќе ги имаат следните суштински определби.

- воспитно-образовна дејност да се стави во функција на постигнување на успех во граница на реалноста
- да се изградуваат норми на објективност во вреднувањето и оценувањето ставајќи акцент на формативното и сумативното оценување
- континуирано следење на редовноста на учениците и превземање на мерки за подобрување на истата
- создавање на оптимални услови за напредокот на талентираните ученици, како и на учениците со посебни потреби
- континуирано следење на сите проекти во училиштето од страна на тимот
- да се посвети поголемо внимание на дидактички методската подготовка за реализацијаа на наставната програма
- редовно следење на е-дневникот , почитување на етичкиот кодекс на однесување
- реализација на програмата Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем со вклученост на сите еко стандарди
- да се реализираат отворени часови; реализација на нагледни часови на ниво на активи и училиште
- продолжување и проширување на соработката со основното училиште од Халинов, Република Полска и Белград Република Србија

- Продолжување на соработката со партнер училиштето „Пере Тошев“ од Десово во проектот за међуетничка интеграција во образованието за реализација на други проекти
- опремување на училиштето со неопходни наставни средства
- поголема соработка на училиштето со родителите и одржување на советувања на родителите
- продлабочување на соработката со родителите, локалната средина и бизнис секторот

**2. Лична карта на училиштето**

ООУ “Св.Климент Охридски“ Македонски Брод е лоцирано во централното градско подрачје на улица “Партизанска“ бр.33. Училиштето се до 1968 година го носи името “Кирил и Методиј“, а од таа година се преименува во “Единство“ кое име го задржува се до 1997г. кога го добива името „ Св.Климент Охридски“, а од 01.12.2010 година се преименува во ООУ “Св.Климент Охридски“.Училиштето како целина е составено од два објекта кои внатрешно се поврзани со скалишен простор. Постариот објект е пуштен во функција во далечната 1946 г., а поновиот објект во 1990 година. Во состав на училиштето се ПУ Самоков, ПУ Манастирец кои се деветгодишни и подрачните петгодишни училишта во Требино, Сувидол, Црешнево , Брест и седмото подрачно училиште во село Косово..

| **Име на училиштето** | **ООУ“Св.Климент** | **ПУСамоков** | **ПУМанастире** | **ППУ** | **ППУ** | **ППУ** | **ППУ** | **ППУ** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **адреса, општина, место** | Ул.“Партизанска-33“ Македонски Брод | Ул.Јозев Обремски СА | Село Манастирец | Село Требино | Село Сувидол | Село Црешнево | Село Брест | Село Косово |
| **теле** | 045/274-131 | 075/389-194 | 075/389-193 | 071-282-088 | 078-508-372 | 078-209-807 | 072-218-168 | 078 345 907 |
| **ф** | 045/274-131 | | | | | | | |
| **е-** | oukliment@yahoo.com oouklimen t@t-home.mk WEB : www.oouklimentohridski.edu.mk | | | | | | | |
| **основан** | Локалната самоуправа | | | | | | | |
| **Верификација- број на актот** | 10-3999/1 | | | | | | | |
| **Година на верификација** | 27.10.1997 | | | | | | | |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик | | | | | | | |
| **Година на изградба** | 1946 г. и 1990 г. | 1975г. | 1948г | 1950г. | 1989г. | 1948г. | 1946г. | 1946 |
| **Тип на** | Тврда | Тврда | Тврда | Тврда | М.барака. | Тврда | Тврда | Тврда |
| **Површина на објектот** | 3218м2 | 1200 м2 | 946 м2 | 90 м2 | 96 м2 | 180 м2 | 150 м2 | 90 м2 |
| **Површина на училшниот двор** | 6400м2 | 490 м2 | 6200 м2 | 150 м2 | 300 м2 | 400 м2 | 450 м2 | 220 м2 |
| **Површина на спортски терени и** | 1270м2 | 270 м2 | 2050 м2 | 40 м2 | 150 м2 | 200 м2 | 200 м2 | 120 м2 |
| **Училиштето работи во смена** | Не | не | Не | не | Не | не | Не | не |
| **Начин на загревање на училиштето** | На дрва со централно | На дрва со це | На дрва со це | На дрва | На дрва | На дрва | На дрва | На дрва |
| **Број на одделенија** | 9 | 9 | 9 | 5 | 5 | 4 | 3 | 3 |
| **Број на паралелки** | 19 | 8( 7+1комб) | 4 (4ком.) | 1 комб. | 1 комб. | 1 комб. | 1 комб. | 1 комб. |
| **Број на** | Една | | | | | | | |
| **Статус на еко-училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено ниво)** | Бронзено ниво и Зелено знаме | | | | | | | |
| **Датум на добиен статус** | 03.12.2011г.Бронзено ниво , 21.02.2013г., 04.2015г. 14.02.2017г Зелено знаме , | | | | | | | |

Основната дејност на училиштето е организирање и реализирање на воспитание и образование на учениците од реонот на општината, заради што постиои и дисперзирана организациона мрежа која ја покрива целокупната територија на општината. Во своето над 70 годишно постоење низ училишните клупи поминале над 10.000 ученици, кои денес како стручни кадри даваат свој допринос во развојот на нашиов крај, град и нашата држава. Целта на нашево училиште е да им овозможи на учениците индивидуален развој во сообразност со нивните предиспозиции и кај нив да се развиваат чувства на одговорност, смисла за убавото, културните традиции и свест за припадноста на Р,Македонија и да ги почитуваат и исполнуваат граѓанските права и обврски.

## ***Просторни услови за работа на училиштето***

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 8 | Во летниот период во училиштето во Македонски Брод се извршени се сите неопходни подготовки, крпење на пукнатини, молерисување каде што е потребно , а истото е направено и во подрачните училишта од страна на вработените и е постапено согласно анализата и планот на активности на еко одборот.<br>Извршена е дезинфекција, дезинсекција и дератизација на сите простории и извршен е санитарен и систематски преглед на вработените. Училиштето спремно го дочека почетокот на учебната 2017/2018година. |
| **Училишен двор** | 8 | |
| **Број на подрачни училишта** | 7 | |
| **Бруто површина** | 24.872м2 | |
| **Нето површина** | 5 970м2 | |
| **Број на спортски терени** | 8 | |
| **Број на катови** | 2 | |
| **Број на училници** | 36 | |
| **Број на помошни простории** | 34 | |
| **Училишна библиотека** | 3(1М.Брод,1 Сам,1 Ман | |
| **Начин на загревање на училиштето** | На дрва . | |

## -***материјално- технички услови***

| | |
|---|---|
| Материјално технички услови<br>За време на летниот одмор на учениците вложени се големи напори за подобрување на материјално техничките услови во училиштето. Така што подобрени се условите за работа во централното и подрачните училишта а училиштето располага и со голем број на нагледни средства со цел успешна реализација на воспитно образовниот процес. Ќе споменеме само дел од наставните нагледни средства што се користат во централното и подрачните училишта. | Компјутери – 364, лаптопи за наставници – 50, лаптопи од I до III одд. – 146, графоскоп – 3, телевизори – 6, радио-касетофон – 15, фотокопир – 4, видео камера-1, дигитален фотоапарат – 2, печатачи – 10, интерактивна СМАРТ табла – 2, LCD –проектор – 4, скенер – 4, училишен разглас – 1, машина за пишување – 4, машина за сметање – 3, видео рекордер – 3, епископ – 1, телефакс – 2, лаптоп голем – 2, акустична гитара – 2, акустична озвучена гитара – 2, мандолина – 8, мини клавијатури – 1, синтисајзер со 5 октави – 1, барабан со стапчиња – 2, пулт за ноти – 5, матроном – 2, звучна карта – 1, чингели, дајре, металофон, триангли, кастанети, стапчиња, географси карти и глобуси, историски карти, динамометар, електроскоп, звучна виљушка, ветерница, соларно коло, модел на водена енергија, модел на соларен погон, ламели, микроскопски препарати зоологија, микроскопски препарати ботаника, геоматриски фигури за волумен, комплети нагледни средства по математика и природни науки за учениците од прво до петто одделение и сл. |

- ***мапа на училиштето*** (каде се наоѓа), ***план на просториите***













- ***структура на училиштето***

| | |
|---|---|
| **Членови на училиштен одбор (име и презиме)** | Вера Китаноска - претседател, Јовица Блажески, Јасмина Батанџиоска,(избрани од Наставнички совет). Дарко Терзиоски, Светлана Радеска, Драгиша Миленкоски,(Совет на родители), Сузана Филипоска,(потпретседател), Маја Костадиноска Србиноска (Совет општина)и Гордана Ставреска (Министерство за образование и наука) |
| **Членови на совет на родители (име и презиме)** | Ивица Стојкоски, Давор Тримчески,Александар Тримчески,Сања Миленкоска, Драган Апостолоски, Весна Пеовска, Дијана Трајаноска, Драгиша Миленкоски, Драшко Терзиоски, Даниела Новеска , Павлина Блажеска, Светлана Радеска, Мице Кралески, Маја Златеска,Ленче Србиноска, Ѓурѓица Максимоска, Олса Максимоска, Славе Новески, |
| **Стручни активи (видови)** | Актив на одд.наставници од 1-3 одд, Актив на одд.наставници од 4 и 5 одд, Актив на јазичари, Природно математички актив, Актив на општествени науки и вештини |
| **Одделенски совети (број на наставници)** | Совет на одделнски наставници 26 и совет на предметни наставници 29 |
| **Членови на ученичка заедница (број на ученици)** | 16 |
| **Стручен тим (име и презиме)** | Тони Ставрески, Милисав Димоски, Владе Угриноски, Елена Новеска ,Сузана Тренгоска, Марјана Трпеска и Јасмина Јованова |
| **Членови на еко-одбор (број)** | 30 |

## *Наставен и ненаставен кадар*

| **Наставен и ненаставен кадар** | **вкупно** | **Етничка и полова структура на учениците** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Роми** | | **Други** | |
| | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **Ж** |
| **Број на вработени** | 85 | 38 | 47 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Број на наставен кадар** | 51 | 21 | 30 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Број на стручни соработници** | 4 | 1 | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Административни работници** | 4 | 1 | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Техничка служба** | 25 | 12 | 13 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Директор** | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

## Степен на образование на вработени

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| **Високо образование** | 40 |
| **Виша стручна спрема** | 17 |
| **Средно образование** | 22 |
| **Основно образование** | 6 |

## Старосна структура на вработени

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| **20-30** | 12 |
| **31-40** | 23 |
| **41-50** | 20 |
| **51 - пензија** | 30 |

## *Ученици*

| Одд. | Бр. на Паралелки | | | | | | | | | Бр. на ученици | | | | | | | | | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | Македонски Брод | ПУс.Самоков | ПУс.Манастирец | ПУс.Суводол | ПУ с.Брест | ПУс.Црешнево | ПУ с.Требино | ПУ с Косово | Вкупно | Македонски Брод | с.Самоков | с.Манастирец | с.Суводол | с.Брест | с.Црешнево | с.Требино | С.Косово | Вкупно | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **I** | 2 | 1 | | | | | | | **3** | 40 | 9 | / | 2 | 3 | 1 | 2 | **1** | **58** | 28 | 30 | / | / | / | / | | / | / | |
| **II** | 2 | 1 | | | | | | | **3** | 37 | 5 | 3 | 3 | 1 | 1 | 2 | 2 | **54** | 32 | 22 | | | | | 2 | | | |
| **III** | 2 | | 1 | | | | | | **2** | 47 | 9 | 3 | 3 | 1 | 1 | 2 | / | **66** | 30 | 36 | | | | | | | | |
| **IV** | 2 | 1 | | | | | | | **4** | 46 | 9 | 5 | 4 | 2 | / | 4 | 1 | **71** | 35 | 36 | | | | | | | | |
| **V** | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | **9** | 41 | 4 | 4 | 5 | 1 | 1 | 1 | 1 | **58** | 22 | 36 | | | | | 1 | 1 | | |
| **I – V** | **10** | **4** | **2** | **1** | **1** | **1** | **1** | **1** | **21** | **211** | **36** | **15** | **17** | **8** | **4** | **11** | **5** | **307** | **147** | **160** | | | | | **3** | **1** | | |
| **VI** | 2 | 1 | | | | | | | **3** | 42 | 8 | 3 | | | | | | 53 | 25 | 28 | | | | | | **3** | | |
| **VII** | 2 | 1 | 1 | | | | | | **4** | 34 | 13 | 4 | | | | | | 51 | 25 | 26 | | | | | | **1** | | |
| **VIII** | 2 | 1 | | | | | | | **3** | 38 | 8 | 5 | | | | | | 51 | 17 | 34 | | | 1 | | | | | |
| **IX** | 2 | 1 | 1 | | | | | | **4** | 37 | 7 | 5 | | | | | | 49 | 17 | 32 | | | | | | | | |
| **VI-IX** | **8** | **4** | **2** | | | | | | **14** | **148** | **36** | **17** | | | | | | **204** | **84** | **120** | | | **1** | | | **4** | | |
| **I-IX** | **18** | **8** | **4** | **1** | **1** | **1** | **1** | **1** | **35** | **359** | **72** | **32** | **16** | **4** | **4** | **11** | **4** | **511** | **231** | **280** | | | **1** | | **3** | **5** | | |

## *Наставен јазик*

| | Наставен јазик-македонски | Наставен јазик-албански | Наставен јазик-турски | Наставен јазик-Српски |
|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | **36** | | | |
| **Број на ученици** | **511** | | | |
| **Број на наставници** | **52** | | | |

## 3. Мисија и визија

**Мисија:** ***Современа и квалитетна настава која ги развива мислењето,индивидуалноста и креативноста на учениците***

**Цел на мисијата:**

Училиштето може и знае да нуди современа, модерна, квалитетна настава која е прилагодена на потребите на учениците.

Да бидеме училиште kое нуди современа, модерна, квалитетна настава која е прилагодена на потребите на учениците и ќе овозможи нивно креативно, интелектуално и позитивно оформување и надградување.

Да влијаеме на сестраниот развиток на личноста со вистински вредности и начела кои ги стекнале кај нас, а ќе и бидат двигател и водич низ лавиринтите на животот.

***Визија: Училиште кое во хармонија постојано ги развива способностите и ги поттикнува интересирањата на учениците***

**Цел на визијата:**. : Можеме и знаеме преку образовниот процес да влијаеме на создавање на здрави личности ,кои ќе ги остварат обврските на одговорни граѓани

## 4. Веќе научено/ Стекнати искуства

Реализација на современа настава и примена на што поголем број наставни средства,

Континуирано одржување на хигиена во училиштето,

Успешната работа на психолошко-педагошката служба води кон подобри резултати кај учениците,

Вклученоста и изработката на проекти води кон добри резултати,

Учество на учениците и наставниците во организирање на екскурзии,натпревари и хуманитарни акции,

Примена на иновации во наставните методи.

### 4.1.1 Вреднување на работата на наставникот

Настава и други видови организирана работа со учениците,следење и оценување на учениците,планирање и подготовка на наставата и избор на форми и методи,соработка со родителите,учество во интерно и екстерно проверување на учениците,организирање на културни,спортски и други општокорисни активности со учениците,водење на педагошка евиденција и документација,стручната служба континуирано води педагошки картон за наставникот и професонално досие за наставниците.

### 4.1.2 Педагошка евиденција и документација

Во текот на целата учебна година ќе се следи,контролира и анализира уредното водење на педагошката евиденција и документација во сите области на дејноста на училиштето. Се со цел навремено остранување на одредени неправилности околу водењето на педагошката евиденција и документација.

### 4.1.3 Стручно усовршување на наставниците и другите стручни соработници

Стручното усовршување опфаќа оспособување на наставниците за успешна реализација на новите наставни програми.
Училиштето ќе се грижи за стручно усовршување на сите наставници и стручни соработници.
Училиштето ќе обезбеди набавка на стручна литература,набавка на наставни средства и помагала.
Дел од грижата за стручно усовршување презема и Бирото за развој на образованието.

### 4.1.4 Следење и вреднување на постигнувањата на учениците

Оценувањето се изведува индивидуално,групно и колективно се врши по пат на соодветни интсрументи и техники (усно и писмено проверување,тестови,писмени вежби,контролни задачи,есеи,проекти,набљудување и др).
Постигнувањата на учениците во училиштето се оценуваат описно и бројчано.
Оценувањето на учениците исто така се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерот за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

### 4.1.5 Вреднување на годишната програма на училиштето

Во училиштето реализацијата на Годишната програма за работа се следи низ следниве форми на евалуација:
-следење на годишно,тематско и дневно планирање на наставниците,
-реализација на наставните и воннаставните активности,
-изготвување на тромесечни,полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците,
-организирање училишни натпревари во знаење(стручни активи),
-анкетирање на наставници и ученици,
-самоевалуација на наставниците

## 5. Подрачја на промени, приоритети и цели

Соработка со установите од областа на образованието (основни и средни училишта од општината и пошироко,центарот за социјални работи, различни здруженија, медицински установи и други установи кои можат да помогнат во воспитно-образовниот процес на учениците); . Организирање стручни предавања, советувања и обуки за родители; Интегрирање на децата со посебни образовни потреби во општеството; Еднаквост и правичност за сите во училиштето како ученици така и вработени; Соработка со локалната заедница, семејството и родителите; Интензивирање на соработката со училиштата „Пере Тошев“ од Десово и збратименото училиште од Халинов - Р. Полска; **Отпочну**вање соработка за збратимување со училишта од Р. Бугарија и Р.Србија; Изградба на кошаркарско игралиште; Изградба на паркинг-простор на југо-западната страна на училиштето

### 5.1 Приоритетни задачи

Приоритетни задачи во текот на учебната 2017/2018 година ќе бидат:
Учество на училиштето во нови проекти; Следење, унапредување и модернизирање на наставата, формативно, сумативно и описно оценување; Дополнителна, додатна, изборна настава и слободни ученички активности; Следење и

унапредување на стручните активи;Органиозирање на училишни натпревари по наставни предмети ;Реформирање и модернизирање на образовните инфраструктури

### 5.2 Цели на училиштето

Поставување на воспитно- образовниот процес врз принципите на современата настава , зголемување на образовната и воспитната компонента во училиштето, подигање на мотивацијата на учениците, наставниците и другиот стручен кадар, зголемување на соработката и подршката со локалната средина, градење на соодветен систем на оценување.

## 6. Акциски планови

| Година 2017/2018 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Временска рамка (месец) | | | | | | | | | | | | | | | | следење | | |
| Задачи | Активности | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | Носители | Начин на спроведување | Инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице | | Потребен буџет |
| Зголемување и подобрување на безбедноста и условите за работа во училиштето | 1. Доуредување на училишниот двор од северозападната страна | ✓ | ✓ | ✓ | | | | | | | ✓ | ✓ | ✓ | Вработените во училиштето | Доброволни акции на вработените во училиштето | | Зголемување и подобрување на безбедноста и условите за работа во училиштето | | | |
| | 2.Повторно ставање во функција на училишната куќа | ✓ | ✓ | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | 3.Изградба на сан. јазли во стар дел од це. училиште | | | | | | | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | | | | | | |
| | 4Рек. на смес.Кап.во ПУМан | | | | | | | | | | | ✓ | ✓ | | | | | | | |
| | 5.Рек. на фасадата на стар спо. сала во цен. училиште | | | | | | | | | | ✓ | ✓ | ✓ | | | | | | | |
| | 6.Рек на пок.во ПУ Требино и адап на сан чвор во ПУБрест | ✓ | | | | | | | | | | ✓ | ✓ | | | | | | | |
| | 7.Молерисување на училишните простории | | | | | | | | | | | ✓ | ✓ | | | | | | | |
| | 8.Замена на дрвената дограма во ПУ Самоков и ПУ Манастирец со нова | | | | | | | | | | ✓ | ✓ | ✓ | | | | | | | |
| | 9.Реконструкција на парниот котел во централното училиште | | ✓ | | | | | | | | | ✓ | ✓ | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 10.Ставање на ограда на на училишниот двор во ПУ Требино | | | | | | | | | | | ✓ | ✓ | | | | | | | |
| | 11.Адаптација на простории за нова наставничка канцеларија | | | | | | | | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | | | | | | |
| | 12. Санација на сместувачкиот дел на учениците во ПУ Манастирец | | | | | | | | | | | ✓ | ✓ | | | | | | | |
| | 13.Адаптација на просторија за прочирување на наставничката канцеларија Мак.Брод | ✓ | ✓ | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Зголемување на квалитетот на наставата преку примена на современи нагледни** | 1.Снабдување на училиштето со наставни средства и помагала по сите наставни предмети | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Училиште,дирактиви, | Наставнички совети, | | Зголемување на квалитетот на настава. | | | |
| | 2.Снабдување на училиштето со стручна литература | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | | | | | | |
| | 3.Адаптирање на училница за изведување на кабинетска настава во ПУ Самоков | | | | | | | | | | | ✓ | ✓ | | | | | | | |
| | 4.Адаптирање на неискористен простор за кабинет или друга работна просторија | | | | | | | | | | ✓ | ✓ | ✓ | | | | | | | |
| **Усовршување на наставниот кадар согласно современите текови за** | 1.Обука на наставници за користење нови техники и методи за оценување | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Педагошко-психолошка служба, БРО | Обуки, семинари | | Усовршување на наставниот кадар | | | |
| | 2.Обука за изработка на проектна задача | ✓ | ✓ | | | | | | | | | ✓ | ✓ | | | | | | | |
| | 3.Обука на наставници за користење на компјутерот во наставата | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | | | | | | |
| **Зголемување на свеста за чувањето на животната средина и унапредување на условите за работа во** | 1.Да се применува интегрирано планирање во рамките на наставата со акцент на создавање свест кај учениците за заштита на животната средина | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Наставнички совет, вработените во училиштето, ученици | Состаноци ,работни акции | | | | | |
| | 2.Да се поставаат корпи за отпадоци во подрачните училишта | ✓ | ✓ | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | 3.Акции за хортикултурно уредување на училишниот двор | ✓ | ✓ | | | | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | | | | | | |

## 7. План за евалуација на акциските планови

Како што може да се види од горенаведеното, во сите акциски планови се разработуваат стратешки и развојни цели. Секоја од нив има одделно значење и вредност. Така, истите ги имаат следниве ***критериуми за успех***:

-зголемување и подобрување на безбедноста и условите во нашето училиште и зголемување на квалитетот на функционалноста на централното и подрачните училишта

- зголемување на квалитетот на наставата што учениците го стекнуваат во нашето училиште преку примена на современи нагледни средства и зголемување на квалитетот и функционалноста на училниците и училишната библиотека во централното и подрачните училишта

-усовршување на наставниот кадар согласно со современите текови за подобрување на квалитетот на наставата и способноста и креативноста на наставникот за пратење и примена на модерните наставни текови

-зголемување на свеста за чување на животната средина и унапредување на условите за работа во нашето училиште и подигање на свеста на учениците и иницијатива за хортикултурно уредување на централното и подрачните училишта.

***Инструменти*** кои ќе се користат при евалуација на акциските планови се:

а)набљудување (обсервација) б) интервју в) прашалник

Како алатка за процена на изведбата и влијанието на секоја стратешка цел може да се искористи следната табела:

| **Критериуми** | **Дефиниција** | **Контролен список со прашања што треба да се предмет на разгледување** |
|---|---|---|
| Ефективност | Степен на остварување на целите и влијание на програмата/ проектот врз целните групи | Напредок кон остварување на целите и главните остварувања. Причини за и природа на промените. Внатрешни и/или надворешни фактори што имаа (позитивно или негативно) влијание врз остварувањето на целите. |
| Ефикасност и економичност | Користење на распределените ресурси наспрема остварените резултати | Резултати од акциските планови споредени со предизвиканите трошоци. |
| Влијание | Подобрување на целокупната работа на училиштето | Влијание од програмата/ проектот врз состојбата на училиштето, наставниците, учениците и свеста зачувување на животната средина. |
| Одржливост | Долготрајност на влијанието по завршувањето на интервенцијата | Мерки што се вградени во акциските планови со цел да се осигури одржливоста по завршувањето на проектот/програмата. |

***Индикатор за успешност***

Носителот на задачата од акцискиот план треба да даде доказ дека очекуваните резултати се постигнати со помош на следниве индикатори за успешност:

Вкупен број на развојни цели во склоп на една стратешка цел кои ќе се реализираат во текот на едно полугодие или една учебна година;Број на развојни цели кои поминуваат низ одредени служби;Времетраење на процесот за комплетирање на една развојна цел со извештаи за траење на минимално и максимално времетараење на процесот;Соработка со други установи;Соработка со родители;Задоволство на учениците и наставниците од реализацијата на акциските планови;Соработка и подршка од локалната самоуправа

***Одговорен за следење***

Одговорно лице за следење на акциските планови се директорот и одговорни лица назначени од директорот помошник директор, ПП службата, државен просветен инспекторат, наставници и еко-патрола. ***Повратна информација*** По секоја спроведена задача од акцискиот план одговорното лице поднесува извештај со повратна информација за постигнатите резулати

# 8. Календар за работа

## Календар за организација на учебната 2017/2018 год.

Според календарот за организација и работа на Основните училишта во учебната 2017/2018 година изготвен од страна на Министерството за образование и наука (Сл.весник наРМ бр.116 од 23.08.2017 година) Учебната година во училиштето започнува на 01.09.2017 година, а завршува на 31.08.2018 година. Наставната година започнува на 04.09.2017 година, а завршува на 08.06.2018 година

## КАЛЕНДАР ЗА УЧЕБНАТА 2017/18 ГОДИНА

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА КАЛЕНДАРОТ ЗА РАБОТА НА ООУ„Св.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА

| I полугодие | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Седмица | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 9 | 10 | 11 | 12 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | | | |
| Работни денови | Септември | | | | | Октомври | | | | | Ноември | | | | | Декември | | | | | Вкупно | | |
| Понеделник | | 4 | 11 | 18 | 25 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 6 | 13 | 20 | 27 | | 4 | 11 | 18 | 25 | 17 | | |
| Вторник | | 5 | 12 | 19 | 26 | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 17 | | |
| Среда | | 6 | 13 | 20 | 27 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 17 | | |
| Четврток | | 7 | 14 | 21 | 28 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 17 | | |
| Петок | | 8 | 15 | 22 | 29 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 15 | | |
| Сабота | 2 | 9 | 16По | 23 | 30 | 7 | 14 | 21 | 28 | | 4 | 11Ср | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | | |
| Вкупно денови | 20 | | | | | 20 | | | | | 22 | | | | | 20 | | | | | 83 | | |

| II полугодие | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Седмица | | 18 | 19 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | 32 | 32 | 33 | 34 | 35 | 36 | 36 | 37 | | |
| Работни денови | Јануари | | | Февруари | | | | | Март | | | | | Април | | | | | Мај | | | | | Јуни | | вкупно | |
| Понеделник | | 22 | 29 | | 5 | 12 | 19 | 26 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 4 | 19 | 36 |
| Вторник | | 23 | 30 | | 6 | 13 | 20 | 27 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 5 | 19 | 36 |
| Среда | | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 6 | 20 | 37 |
| Четврток | | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 19 | 36 |
| Петок | | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 20 | 35 |
| Сабота | | 27 | | 3 | 10 | 17 | 24 | | 3 | 10 | 17Пе | 24 | 31 | 7 | 14Пе | 21 | 28 | | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | | |
| Вкупно денови | 08 | | | 20 | | | | | 23 | | | | | 20 | | | | | 20 | | | | | 6 | | 97<br>Вк.180 | |

**Државни празници за сите граѓани на РМ** 8 Септември (Петок) Ден на независноста, на РМ, 11 Октомври(среда) ден на народното востание, 23 Октомври(Понеделник) Ден на македонската револуционерна борба, 8 Декември(Петок) „Св.Климент Охридски“,, 09 април (Понеделник) Втор ден на Велигден 1Мај(Вторник) ден на трудот, 24 Мај(Четврток) „Св.Кирил и Методиј,

**Празници за граѓаните од православна вероисповест:** 06 Април(Петок) Велики Петок петок пред велигден, 25 Мај(Петок) - Дуов петок

7 Декември – ден на училиштето – наставен ден со посебна програма (Четврток),

предвидени се датумите за одбележување на празниците, а во чест на овие денови училиштето од своја страна ќе организира културни, спортски и други манифестации со што ќе даде свој придонес во одбележувањето на истите.

*8.1 Еколошки календар*

Во текот на учебната година училиштето ќе ги одбележи следниве позначајни настани од еколошкиот

| | | | |
|---|---|---|---|
| 16 Септемв | Свет. ден за заш. на озонската обвивка | **22 Март** | **Светски ден за заштеда на водите** |
| **22 Септември** | **Меѓународен ден без автомобили** | **7 Април** | **Светски ден на здравјето** |
| **2 Октомври** | **Ден на акција на еко-училиштата** | **10 Април** | **Ден на акција на еко-училиштата** |
| **8 Октом(9.10)** | **Меѓ.ден за намалу. на униш. на при** | **22 Април** | **Светски ден на планетата(23.04)** |
| **15 Окто(16.10** | **Меѓународен ден на пешаците** | **15 Мај** | **Светски ден за заштита на климата** |
| **16 Октомври** | **Меѓународен ден на храната** | **31 Мај** | **Светски ден против пушењето** |
| **5 Март** | **Светски ден за заштеда на енергија** | **5 Јуни** | **Свет. ден за заштита на живо. средина** |
| **Ден на дрвото – ден на еколошка акција на младите и граѓаните на Република Македонија , Ајде Македонија – ден на еколошка акција на младите и граѓаните на Република Македонија.** | | | |

. Првото полугодие започнува на04.09.2017 година, а
завршува на 29.12.2017 година. Второто полугодие започнува на 22.01.2018 година, а завршува на 08.06.2018 година. На крајот на месец септември и месец мај ќе се изведат две екскурзии од рекреативно-научен карактер и еднодневна, дводневна и тродневна екскурзија и летување за учениците. Во текот на учебната година учениците користат летен и зимски одмор. Зимскиот одмор започнува на 30.12.2017 година, а трае до21.01.2018 година, додека пак летниот одмор е од 09.06.2018 год. до 31.08.2018 год. Во периодот од 11 до 18 Јуни ќе се организира дополнителна настава поправни и одделенски испити а од 14 до 20 август ќе се организира дополнителна настава ,консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни и одделенски испити и реализација на истите. На денот на училиштето 07.12.2018г.ќе се организираат културни, спортски и други манифестации.

## 9. Настава

Училиштето како институција со најорганизиран процес на воспитна образовна дејност, кое ја организира наставата според Законот за Основно образование, како и упатствата на БРО на РМ, при тоа води сметка за ангажираноста на наставниците во реализацијата на наставата по задолжителни и изборни предмети. Оваа учебна година наставата ќе се реализира според наставен план и програма за ученици од I до IX одделение. За предвидената настава ќе се почитува утврдената флексибилна норма од 20 до 24 наставни часа неделно по наставник.

**- Видови на настава-**

Во училиштето ќе бидат организирани следните видови настава: настава по задолжителни предмети, настава по изборни предмети, додатна настава, дополнителна настава, продолжен престој, слободни ученички активности. Наставниците воспитно-образовната работа ќе ја реализираат со акцент на иновациите во работата со примена на современите форми и методи на работа со цел за поголема ефикасност во образовниот процес и зголемување на квалитетот на знаењата и напредувањето на учениците. Следствено, ќе се продлабочи соработката меѓу учениците, наставникот и родителите. За таа цел наставниците ќе соработуваат со ПП служба во училиштето, директорот и со соодветните советници на БРО.

**- Организација на задолжителна настава-** Задолжителната настава се организира во една смена со почеток од 8 часот и завршување на часовите во 13:40 часот.Наставата ќе се изведува на македонски јазик за сите ученици од I до IX одделение. Задолжителната настава се реализира по наставни предмети предвидени со Наставниот план: Македонски јазик, Математика, Англиски јазик, Француски јазик (втор странски јазик од VI до IX одд.), Ликовно образование, Музичко образование, Природни науки, Техничко образование во V и VI, Работа со компјутер и основи на програмирање во III и IV одделение, Информатика во VI-VII, Општество, Географија, Историја, Етика, Граѓанска образование, Биологија, Физика, Хемија, Иновации и Физичко и здравствено образование, Застапеноста на наставните предмети во наставата по одделенија и неделниот фонд за секој предмет се утврдени со наставниот план. Целите, задачите и содржините на наставата по одделни наставни предмети се одредува со наставните програми, што секој наставник ги има во своите годишни распределенија.

**- Изборна настава-**

Училиштето организараше презентација во месец мај 2017 година со која им се овозможи на родителите и учениците од VI – IX одделение да се запознаат со изборните предмети предвидени според наставниот план и програма и да одлучат кој предмет ќе го изберат.

**- Дополнителна настава-** Дополнителната настава ќе се организира за учениците кои имаат тешкотии во учењето и заостануваат по одделни наставни предмети или од оправдани причини подолго време отсуствувале од редовната настава. Оваа настава ќе се изведува во текот на наставната година со еден до два часа неделно за учениците од II до IX оддление. Стручната служба активно учествува во реализација на дополнителната настава со цел да се детектираат причините за послабиот успех кај секој ученик поединечно, од што произлегуваат најсоодветни постапки за корекција на слабиот успех како негативност. Содржините за оваа настава се специфични за секој ученик и затоа ќе се применуваат пред се индивидуални форми на работа, работа во групи, а ќе се користи и фронтална работа со учениците од секоја од групите. На почетокот од септември ќе биде изработен распоред за дополнителна настава кој по донесувањето станува составен дел на оваа годишна програма.

**- Додатна настава-** Додатна настава ќе се реализира со учениците кои постигнуваат посебни резултати за определени научни и наставни дисциплини и напредуваат во рамките на задолжителната настава. Нејзина основна цел е да обезбеди систематска работа со надарени и талентирани ученици во текот на целата година, нивно креативно ангажирање, унапредување на способностите, потесна професионална ориентација, учество на натпревари итн. На почетокот на

учебната година сите наставници ќе изработат и достават програми за одржување на додатна настава и ќе биде изработен и истакнат распоред за одржување на додатната настава за сите наставници, а на крајот од учебната година за секој одржан час наставниците треба да поднесат извештај до педагошко-психолошката служба. Оваа настава ќе се изведува во текот на целата учебна година со учениците од II до IX одделение. На почетокот од септември ќе биде изработен распоред за додатна настава кој по донесувањето станува составен дел на оваа годишна програма.

**- Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани ученици-** Секој наставник изработува идивидуална програма за работа со надарени и талентирани ученици, со време на реализација од септември до мај во текот на една училишна година во која ќе бидат вклучени предметите за кои ученикот покажуба талент, целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали. Како одговорни лица се јавуваат одделенските и предметните наставници во соработка со ПП служба. Секој наставник ќе изработи диференцирани наставни планови кои видно се разликуваат од постојните базични планови кои се задолжителни за сите ученици.

**- Индивидуализирани програми за деца со посебни образовни потреби-** Секој наставник изработува идивидуална програма за деца со посебни образови потреби која ќе биде биде поттикнувачка и мотивирачка за учениците. Истата ќе се реализира од септември до мај во текот на една училишна година во која ќе бидат вклучени природата на проблемот со кој се соочува ученикот, целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали. Како одговорни лица се јавуваат одделенските и предметните наставници во соработка со стручната служба а особено со дефектологот во училиштето кој ќе ги координира и организира сите активности.. Ученикот со посебни потреби го вреднуваме според оваа програма, поединечно, усмено или писмено, со прилагодување на особеностите на ученикот и континуирано. Во училиштето се формира и тим за работа со деца со посебни потреби .

**- Проекти кои се реализираат во училиштето-** Во оваа учебна година ќе се продолжи со реализација на проекти по одделенија така што во петтите и шестите одделенија ќе се реализираат по два проекти (по еден во едно полугодие), а во Седмите, осмите и деветтите одделенија по четири проекти (по два во едно полугодие). За реализацијата на проектите ќе се грижи тим кој ќе ја следи изработката на проектите и ќе поднесе извештај. За секој проект одделно треба да се има изработено посебни програми доставени најдоцна до крајот на септември, и истите ќе бидат составен дел на оваа програма.

**- Употреба на ИКТ во наставата-** Во училиштето редовно ќе се применува ИКТ во наставата со цел за подобрување на квалитетот на истата. Секој наставник одделно во своите годишни и тематско-процесни планирања е задолжен да предвиви и реализира ИКТ содржини и во учебната 2017/2018 година

## 10. Оценување

**- Видови оценување и календар на оценување-** Оценувањето на постигнувањата на учениците во текот на учебната година се врши со примена на разновидни форми, методи и инструменти за континуирано следење и вреднување на постигањата. Во училиштето оценувањето е транспарентно–наставниците ги запознаваат учениците и родителите со

критериумите за оценување и овозможуваат увид во истото. Во текот на учебната година наставата се одвива во четири класификациони периоди и соодветно за секој од нив учениците се следат и оценуваат. Учениците од VI-IX одделение на крајот од учебната година по два предмети се проверуваат и со екстерно тестирање. Воспитно-образовниот процес на учениците се одвива во четири периоди. Постигнувањата на учениците доследно за секој период се оценувааат описно и со бројчани оценки од 1-5. Во првиот воспитно-образовен период, во кој спаѓаат учениците од I – III одделение се оценуваат описно, во вториот период учениците од IV-VI одделение. По сите предмети, вклучувајќи ги и изборните, се оценуваат описно, но на полугодие и на крај од учебната година добиваат бројчани оценки. Во третиот период учениците од VII- IX одделение задолжително по сите предмети добиваат бројчани оценки за своите постигнувања. Наставниците преку стручните активи градат усогласени критериуми за оценување на ученичките постигнувања, но оценувањето исто така се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Начинот на оценувањето е флексибилно и може да биде индивидуално, групно, колективно и се врши според стандардизирани соодветни инструменти и техники (усно, писмено проверување, писмени вежби, тестови, контролни задачи, есеи, наставни ливчиња, проекти, експерименти, набљудувања и сл.

**-Тим за следење, анализа и поддршка-** Следењето се изведува индивидуално, групно и колективно во зависност од следената педагошка појава. Се врши по пат на соодветни инструменти и техники (усно и писмено проверување, тестови, писмени вежби, контролни задачи, набљудувања и др.) со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат. Формиран е тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди.

**- Самоевалуација на училиштето-**

Разгледувајќи го извештајот од извршената самоевалуација на училиштето од минатите учебни години, ќе се настојува се она што е позитивно да се применува и уште повеќе усовршува во учебната 2017/18 година, а исто така ќе се обрне и големо внимание на негативностите со цел оваа учебна година истите да се надминат и да не бидат евидентирани како слабости во самоевалуацијата од претходните учебни години. Целите за учебната 2017/ 2018 година се: примена и надоградување на позитивните страни, и во исто време елиминирање на негативните страни кои што се забележани во изминатиот период. Како резултат на воочените предности и недостатоци кои се забележани се планирани активности со кои ќе се продолжи развојот на училиштето во рамките на самоевалуацијата: осовременување на наставата со употреба на современи наставни средства, разновидна примена на современи наставни форми, продолжување со едукација на наставниот кадар за користење на современа информатичка и друга технологија во наставата, примена на формативен и сумативен начин на оценување на учениците.

**- Вонаставни активности-**

Училиштен спорт - Активностите ќе се реализираат во текот на целата учебна година во термините предвидени за слободните ученички активности, учество можат да земат сите ученици од централното училиште како и учениците од подрачните училишта. Тимот за организирање на турнири и други спортски активности ќе изготви програма во која ќе бидат предвидени сите спортски активности кои ќе се одвиваат во училиштето. Оваа учебна година нашето училиште ќе

им понуди можност на своите ученици активно да земат учество во спортските активности и тоа во три спортски дисциплини: Футсал (машки и женски), Фудбал (женски) и Ракомет (женски).

**- Секции и слободни ученички активности**

Со цел да се поттикне и негува љубопитноста и креативноста кај учениците, да се негува доследноста и истрајноста во извршување на задачите, да се развиваат мотивите и условите за афирмирање на ученичката личност, како и да се создаваат навики за правилно користење на слободното време, во училиштето се огранизираат слободни активности (секции) за учениците од одделенска и предметна настава. Во училиштето редовно се организираат следните секции: Литературна Секција, Млади Математичари, Млади физичари, Еколошка секција, Млади Географичари, Млади историчари, Клуб за англиски Јазик, Ликовна секција, Спортска секција, Музичка секција, Сообраќајна секција, Новинарска секција, Библиотекарска Секција, Љубители на францускиот јазик, Клуб за техничка поддршка.

**- Ученички натпревари -**

Со цел да се презентираат постигнувањата во наставно-воспитната работа и воннаставните активности, училиштето ќе организира вакви активности на ниво на училиште, ќе земе активно учество на натпревари на ниво на регион и во рамките на државата, огранизирани натпревари од страна на БРО, друштва и други регистрирани надлежни организации (Совет за грижи и воспитување на децата на Р.М., Совет за безбедност на сообраќајот). Во текот на второто полугодие, започнуваат огранизирани натпревари, најпрво училишни (помеѓу паралелки од централното и подрачните училишта), потоа општински (регионални) и најпосле државни натпревари. Учениците од ова училиште ќе земат учество на сите натпревари, како и на приредби, смотри, манифестации, конкурси и други организирани активности.

**- Ученички екскурзии -** Ученичките екскурзии ќе се организираат за проширување и продлабочување на знаењата на учениците од одделни воспитно-образовни подрачја и наставни предмети, како и заради спортување, рекреација и други видови педагошко организирање на слободното време на учениците.

Во учебната 2017/18 година планирани се да се изведат две наставно-научни екскурзии со учениците од I-IX одделение во блиската околина (едната на крајот на септември, другата на крајот на мај). Екскурзиите што се во непосредна функција на наставата (наставни екскурзии) ќе се изведуваат во рамките на задолжителни наставни денови, што треба да ги исполни училиштето во текот на наставната година. Екскурзиите ќе се изведуваат според правилникот на начинот на изведување на ученички екскурзии бр. 10 - 404/1 од 1.11.2010 год. И измените од 2013година по однапред изготвени програми од страна на стручен тим формиран од училишниот одбор. Ќе се изведат една еднодневна екскурзија за учениците од трето одделение, дводневна за учениците од шесто и тродневна за учениците од деветто одделение, и слободни ученички активности за учениците од VI –IX одделение. Доколку не можат да се изведат дводневната и тродневната екскурзија истите ќе бидат заменети со еднодневни.

Овде ќе ја спомeнеме и улогата на родителите, кои преку Совет на родители на родителските средби се очекува да дадат голем придонес во организирањето на екскурзииите и за таа цел и оваа учебна година ќе бидат носители во организирањето и реализирањето на екскурзиите (се мисли на прибирање на податоци и избор на најповолен понудувач).

**- Општествено хуманитарна работа -**

Тимот за општествено-хуманитарна работа во текот на учебната година ќе изготви програма во која ќе предвиди учениците да бидат вклучени и во производствена и во друга општествено-корисна работа со цел кај нив да се развива љубов и позитивен однос кон работата воопшто, да се негува почит кон работниот човек, кон средината за производство, како и кон резултатите од работата и да се создава можност за правилно сфаќање на улогата на физичкиот и интелектуалниот круг во животот на човекот.

## 11. Поддршка на ученици

**-Постигнувања на учениците**

Стручните соработници во училиштето водат редовна евиденција за сите постигнувања на учениците кои достојно го претставуваат нашето училиште во сите натпреварувања организирани од БРО, Федерација за училишни спортови на Македонија и други друштва од земјата. Евиденција се води и пооделно за секој ученик и ментор во професионалното досие на секој од наставниците во училиштето.

Од оваа учебна година во училиштето почна да работи дефектолог кој значително ќе им го олесни процесот на учење на учениците со посебни потреби, но истовремено ќе им помогне и на наставниците за справување со предизвиците за работа со учениците. Нашето училиште јавно ги пофалува и соодветно ги наградува сите заслужни постигнувања и ќе продолжи да го спроведува истото.

-**Превентивни програми** (насилство, болести на зависност, асоцијално однесување, соработка со установи за безбедност и социјална грижа).

Во училиштето ќе се изведуваат и презентации на превентивни програми од неколку позначајни области како што се спречување на насилставата во училиштата, заштита на учениците од заразни болести, заштита на учениците при вклучување во сообраќајот веднаш по напуштање на училиштето и безбедно пристигнување до нивните домови, презентации од центарот за социјални грижи и други огранизации со цел нашите ученици да се запознаат со информации кои ќе им помогнат полесно и безгрижно да го минат образовниот процес.

Оспособување на учениците за поздрав живот во училиштето, домот и локалната средина во која живеат. Активности посветени на грижата на здравјето на учениците (физичко, ментално и социјално здравје) ќе се реализираат во текот на учебната година по предметите: Физичко и здравствено образование, општество, природни науки, биологија, екологија, здрава исхрана воннаставни активности: спортска, еколошка секција и др. Предавање и разговори на часот по одделенска заедница, со стручната служба, со одделенските раководители и со надворешни стручни лица во врска со превентива од болести (заштита, зараза, завист) содржини со кои се изградува свеста кај учениците со воспитание и образование за заштита на здравјето и здравиот начин на живеење. Грижата за здравјето на учениците и превенција од

заразни и заразни болести ќе се остварува преку: Создавање, развивање и негување на лични хигиенски навики кај учениците со предавања, разговориво текот на наставата. Подигнување на нивото на здравствена култура

**-Безбедност во училиштето** Училиштето е опремено со ПП-апарати и истите се поставени на видливо место доколку дојде до несакана ситуација и за истите има обележано патокази за побрзо дејствување на учениците и вработените во институцијата.

Со цел зголемување на безбедносната состојба на учениците и спречување на појава на малолетничката деликвенција во нашето училиште, во соработка со ПС-ОН Македонски Брод ќе бидат преземени следните активности:

1. Остварување на посета на полициската станица во Македонски Брод со цел учениците да се информираат за начинот на постапување на полициските службеници при конкретен настан и средства и опрема кои ги користи полицијата.
2. Остварување на контакти помеѓу директорот на училиштето, педагошко-психолошката служба со полициските службеници задолжени за кантакти со училиштето, со цел доколку има проблеми или инциденти истите да се разрешат, односно да се спречи натамошното продлабочување на проблемот.
3. Учество на предавање во врска со стекнување на основна сообраќајна култура (Премин на улици преку пешачки премин).
4. Учество на учениците на спортски натпревари, литературни и ликовни натпревари на тема поврзани со полицијата, а со цел зближување на децата со полицијата.

5. Остварување на едукативни предавања од полициските службеници на тема:
Малолетничко претстапништво, Конзумирање на алкохол, Употреба на наркотични средства, Безбедност во училиштето.

Во училиштето во соработка со Еколошкото друштво „Треска“ и Црвениот крст на Македонија на неколку места се поставени скици на кои се претставени сите излези и влезови во училиштето и најбрзиот пат да се стигне до нив, со тоа на учениците им се дава појасна слика како најбрзо би можеле да го напуштатат училиштето при некои вонредни и несакани незгоди, како земјотреси, пожари, поплави и други ситуации.

**Позитивна социо-емоционална клима**

Ќе бидат изготвени содржини за ранлива група на ученици за кои препорака дава одделенскиот раквoдител, советот на одделенските наставници, советот на предметните наставници, стручната служба, во соработка со родителите, содржините се прилагодени на возраста, интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците. Ќе се изготват и планови и интерактивни работилници за родителите на учениците кои се вклучени во оваа програма, кои се реализираат од страна на стучната служба во училиштето.

Целта е да се обезбеди почитување на личноста- негување на слободата за изразување, остварување на правото на барање, примање и давање информации, интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите; еднаквост и правичност – еднакво и без предрасуди однесување кон учениците, родителите, достапност на информации за сите .

## 12. Грижа за здравјето

Во поглед на грижата за здравјето, училиштето има формирано специјален тим чија задача е следење на општата здравствена состојба на вработените преку посебен план и активности. Во соработка со ЈЗУ- Македонски Брод се извршуваат здравствени прегледи на вработените во месец август, а исто така на почетокот од учебната ќе се изврши систематски преглед на сите вработени кој во согласност со Законот за основно образование се врши на секои три години.

Како посебна популациона група во училиштето се учениците за кои што исто така се вршат активности кои би придонеле за позитивна здравствена состојба и полесно совладување на физичките, социјалните и психолошки промени кои се појавуваат во периодот на развој кај нив. Во таа смисла, училиштето има обврски соодветно да ги информира учениците во врска со: физичкото, социјалното и психичкото здравје.

Активностите кои се преземаат за грижата на здравјето на учениците опфаќаат: систематски прегледи, обезбедување на високо хигиенски услови во училиштето, вакцинации, спортски и активности за промовирање на здравата храна.

*ХИГИЕНА*

Хигиената се појавува како клучен фактор за постоење на здрава училишна средина каде учениците поминуваат голем дел од денот. Поради тоа, училиштето превзема активности кои придонесуваат за одржување на високото и завидно ниво на хигиенски услови кои ги обезбедува на персоналот и учениците, а тоа подразбира: бришење на прашината на работните површини и на надворешен дел од мебелот, бришење и миење на тврди подни површини, вшмукување на меки подни површини ( тепих ... ), собирање на пајажина, бришење на рамки на прозорци, на влезни и внатрешни врати, бришење и миење на стаклени површини, бришење на санитарен простор, метење пред влезните врати.

*СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ*

-Се спроведуваат во 1-во, 3-то, 5-то , 7-мо и 9-то одделение, а истите вклучуваат:
1.Општ лекарски преглед
2.Лабораториски преглед

3.Стоматолошки преглед

*ВАКЦИНИРАЊЕ*

Вакцинирањето е составен дел од грижата за учениците и тоа се спроведува во различни периоди од воспитно-образовниот процес на учениците.

6 години (I одделение) Мали сипаници, рубеола, заразни заушки (1 доза) - I ревакцинирање;

7 години (II одделение ) Туберкулоза ( со тестирање ) ( 1 доза )

Детска парализа ( 1 доза ) ; дифтерија, тетанус ( 1 доза ) - I ревакцинирање; II ревакцинирање; III ревакцинирање 12 години, 2 и 6 месеци после првата доза ( VI одделение ); Инфекции со хуман папилома вирус ( HPV) ( само за девојчиња ) ( 3 дози ) - вакцинирање; 14 години ( завршна година на основно училиште ) Рубеола ( само девојчиња ) ( 1 II ревакционирање доза ); Детска парализа ( 1 доза ) ; Дифтерија, тетанус ( доза ); III ревакцинирање; IV ревакцинирање.

*ЕДУКАЦИЈА ЗА ЗДРАВА ИСХРАНА*

**-Водење на постојана грижа за здравјето преку здравата исхрана и чистата околина.**

Соработка со заводот за здравствена заштита преку кои ќе се реализира здравствено просветување на учениците со реализирање на разни трибини, практични работилници според претходно подготвени заеднички програми.

Соработка со Здаравствен дом. Средби со стручно лице (лекар, стоматолог). Организација и реализација на систематски прегледи за учениците. Изведување на вакцини на учениците. Изведување на редовни систематски – стоматолошки прегледи според нивни претходно подготвени програми. Соработка со Црвен крст.

Се реализираат активности од кампањата „Здрава храна за детство без мана“ со цел едукација на учениците за здравата исхрана. Во склоп на часовите за општествено-корисна работа на учениците се водат работилници и разговори за одржување на здравјето, за јакнење на имунолошкиот систем, подигање на свеста, подигање на училишниот активизам.

## 13. Училишна клима и односи во училиштето

*1.ДИСЦИПЛИНА*

Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно-образовниот процес, ученици, наставници, персонал како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Во текот на учебната 2017/2018 година во училиштето сите субјекти во воспитно-образовниот процес и останатите вработени ќе тежнеат кон создавање училишна клима во која секој ученик и вработен ќе се чувствува сигурно, почитувано и пријатно. Во паралелките климата ќе биде работна, опуштена и поттикнувачка, а со однесувањето на наставникот учениците ќе се охрабруваат за позитивни и повисоки постигнувања. .

На почетокот на учебната година одделенските раководители ќе ги запознаат учениците со правилата и должностите на однесувањето. Ќе се изготви Правилник за сите должности и обврски на сите вработени и истиот ќе се постави на видно место во училиштето. Наставниците се задолжени за дисциплината на учениците како на часовите така и за време на одморите. Ќе се изготви распоред, кој без исклучок ќе се следи и спроведува.

*2. ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО УЧИЛИШТЕТО*

За развивање на одговорен однос кон уредување и одржување на просторот и опкружувањето на училиштето се задолжени сите вработени во него. Уредувањето на просторот е во функција на вклучување на училиштето во проектот МИО како и реализацијата на наставните содржини по Кембриџ програмата за учениците од 1 – 9 одделение.

Наставниците допринесуваат за естетското и функционалното уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации и секако со континуирано поттикнување на учениците за истото. Се организираат разновидни настани чија реализација напоредно бара соодветно уредување. Училиштето ќе формира и тим кој ќе ги планира, организира и следи активностите за естетското уредување.

*3.ЕТИЧКИ КОДЕКСИ*

Училиштето во рамките на своето работење има изготвено кодекси на однесување за сите субјекти напоредно. На почетокот на учебната 2017/2018 година истите ќе се преработат квалитетно ќе се подобрат и се поставуваат на видно место во училиштето и без исклучоци се почитуваат. Тоа се:

Етички кодекс за наставниците
Етички кодекс за учениците

Етички кодекс за родители
Етички кодекс за останатите вработени.

Нашето училиште, исто така, ќе изработи и Еко-кодекс, на кој ќе му се посвети особено внимание, замајќи го предвид и фактот дека училиштето по трет пат е добитник на Зеленото знаме.

*4. МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ*

Важна компонента во воспитно-образовниот процес и во целокупниот развој на индивидуата е соживот на сите етнички групи во заедницата.Со цел да се запази мултикултурализмот се планира да се организираат многубројни настани во училиштето и надвор од него, во соработка со локалната заедница и со други училишта кои исто така ја негуваат оваа компонента. На тој начин преку забава и креативност учениците ќе осознавааат нови обичаи и култури на свои соученици од различни етнички групи. Во прилог се доставува Акционен план во склоп на оваа компонента за мултикултурализмот. Во училиштето наставата се одвива на Македонски јазик и најмногубројни се Македонците .Но тоа не не спречува да соработуваме со други училишта со различен ентитет со кои би разменувале позитивни практики. За

таа цел училиштето е вклучено во Проектот „за меѓуетничка интеграција во образованието (МИО). Заради целосно реализирање на проектот МИО училиштето соработува со своето партнер училиште ОУ„Пере Тошев“од Десово.

*5. ОДНОСИ МЕЃУ СИТЕ СТРУКТУРИ*

Училиштето никогаш не би можело да се издигне на ниво на вистински дом изграден на темелите на правилни вредности и принципи доколку нема соработка меѓу сите фактори вклучени во него. За таа цел, во нашето училиште се организираат многубројни: прослави (Ден на Училиштето – 7ми Декември, Денот на сесловенските просветители Кирил и Методиј – 24ти Мај, полуматурирање на учениците од деветто одделение – 8ми јуни); екскурзии (есенска и пролетна за сите ученици и вработени, наставно-научни екскурзии за III, VI, IX одделение за кои се изготвува соодветна програма планирана во Годишната програма за работа на училиштето); разни видови коктели и свечености. Сите горенаведени активности служат за одбележување на културни, верски и државни празници, а нивната цел е, секако, развивање на пријателски односи меѓу сите субјекти во училиштето.

6. ЕКОЛОШКИ АКТИВНОСТИ

Свеста за вредноста на животната средина во нашево училиште е основа за нејзиното зачувување и унапредување. Поради тоа од голема важност е да се развива еколошката свест од најмала возраст. Реализираќи ја програма „Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем на Република Македонија“,активностите ќе ги реализираме врз основа четирите еко стандарди :

- **Заштеда на енергија , Заштеда на вода ,Одржување на училишната зграда и здрава средина во училиштето Уреден и еколошки училишен двор**

## 14. Професионален развој на образовниот кадар

Стручното усовршување и професионалниот развој на образовниот кадар влегува во приоритетите на училиштето. Во таа насока училиштето се грижи за професионалниот развој во кој се вклучени сите одделенски и предметни наставници како и стручната служба. Професионалниот стручен развој подразбира *индивидуално* усовршување, усовршување спроведено од страна на училиштето т.е. *интерно*, како и *надворешно* усовршување кое го врши Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука и сл.

ДЕТЕКТИРАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ И ПРИОРИТЕТИТЕ

Училиштето како целина постојано следи и прави проценки на сработеното како и на тоа што треба да се сработи во иднина за да се подобри неговото целосно функционирање. Така, согласно спроведената самоевалуација детектирано е дека целокупниот образовен кадар треба континуирано да продолжи да се надоградува и да ги проширува своите граници на знаење од својата област. Тоа значи дека наставниците и стручната служба ќе посетуваат што е можно повеќе

семинари и обуки и сето тоа само со една иста цел - професионален развој на образовниот кадар во училиштето во текот на учебната 2017/18 година.

*АКТИВНОСТИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ*

Училиштето ќе организира најразлични работилници, обуки и семинари кои ќе понудат активности со цел стручно усовршување на наставниците и стручната служба. Притоа, се изготвуваат и акциони планови, се спроведува дисеминација од претходно проследени семинари или проекти, се поднесуваат извештаи, а исто така се врши и евалуација од којашто подоцна произлегуваат потребите и приоритетите за понатамошни активности за стручно усовршување и професионален развој. Тука значаеан дел земаат советувањата и стручните подготовки од страна на Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука како и други стручни институции од областа на воспитно-образовниот процес, но и училиштето кое самостојно спроведува интерно стручно усовршување на образовниот кадар.

*ЛИЧЕН И ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ*

Поединечното усовршување на образовниот кадар во училиштето подразбира следење на наставниците како и нивно вреднување преку посебно изготвени критериуми и инструменти. Во личен професионален развој вклучено е и мотивирањето на наставниците во насока на учество на обуки и семинари, добивање сертификати и слично. Меѓу другото, тука се вбројува и посетата на конференции, средби од регионален или државен карактер, како и свои пишани и објавени текстови и статии во стручна литература. Освен тоа, сите наставници ќе бидат опфатени во планираните обуки и работилници со еколошка програма.

*ХОРИЗОНТАЛНО УЧЕЊЕ*

Посетата на наставниците на разни семинари за нивен професионален развој значи и споделување на искуствата и знаењата стекнати на тие семинари. Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставици и стручната служба. Училиштето тоа го прави преку дисеминација, работилници или отворени часови. Во тој поглед, училиштето подготвува акциски планови во кои ќе се објаснети активностите и нивните носители, времето на реализација, начинот на следење како и очекуваните резултати и исходи.

*ТИМСКА РАБОТА И УЧИЛИШНА КЛИМА*

Меѓусебната соработка и почитување играат важна улога во функционирањето на училиштето. Во таа насока училиштето предвидува начини и форми за поттикнување на взаемната соработка помеѓу наставниците. Тука акцент се става на отворената комуникација, почитување на поединечни мислења како и критичноста и самокритичноста. Стручното

усовршување и професионалниот развој на образовниот кадар ќе опфати оспособување на наставниците за реализација на новите програмски содржини кои доаѓаат како резултат на општествените промени, новите научни достигнувања, новите планови и програми од прво до деветто одделение и сл. За таа цел училиштето во текот на целата учебна година ќе се грижи за професионалниот развој на наставниците и ќе се залага за нивно активно учество на работилници, обуки и семинари.

## 15. Вклученост на семејствата во училиштето

Во животот и работата на училиштето, родителите преку Советот на родители и членовите од редот на родители во Училишниот одбор, директно се вклучени во сите сегменти од животот и работата на училиштето. Советот на родители при ООУ „Св. Климент Охридски“ разгледува прашања и дава мислења за подобрување на училишната клима.

Во учебната 2017/18 година во процесот на учење на нашето училиште во преден план ќе биде редовната и активна соработка со родителите и семејствата. Соработката ќе се одвива транспарентно и континуирано во текот на целата учебна година преку Советот на родители.Во активностите на училиштето семејставата активно ќе бидат вклучени и преку проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ преку разни работилници, аукции, хепенинзи, панаѓури, приредби кои се предвидени со годишната програма.

Советет на родители има и ќе има активна улога во донесување на одлуките и решенијата на училиштето. Донесувањето на одлуките и решенијата пред сè ќе бидат во интерес на учениците, а и во интерес на сите субјекти во училиштето.

Едукација на семејството ќе се врши преку едукативни работилници, обуки, предавања, презентации сè со цел да се помогне во правилниот воспитно-образовниот процес на учениците. На почетокот на учебната година на родителите и на пошироката јавност ќе им биде поделена брошура изработена од страна на училиштето. Тие преку брошурата ќе бидат запознаени со делови од годишната програма, правилници и кодекси предвидени за учебната 2017/2018година.

## 16. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

**Локална заедница**

Тимот за комуникација со јавноста и промоција на училиштето ќе настојува нашето училиште континуирано, јавно и транспарентно да ја презентира својата целокупна работа која важи за пример не само во општината туку и во државни рамки.Нашето училиште е во тесна соработка со општината при реализација на еколошката програма на локално ниво како и при реализација на разни собири и здружувања по одредени случувања во училиштето.

Соработката на нашето училиште со локалната средина ќе има за цел поголемо доближување до локалната средина, заради информирање за работата, постигнатите резултати, присутните состојби и проблеми во училиштето. На

овој начин ќе продлабочи соработката со заинтересираните субјекти: родители, воспитно-образовни установи, институции од областа на културата, стопанството и нестопанството во Македонски Брод, НВО и други организации.

Оваа соработка со локалната средина ќе се остварува преку разновидни општествени, културни и образовни активности заедно со месното население. Преку нив ќе се презентираат постигнатите резултати од работата на слободните ученички активности, а со тоа ќе се афирмира и училиштето како културен и образовен центар.

Овие активности ќе се реализираат преку: општи родителско-наставнички средби, индивидуални и групни средби со родителите, соработка со семејствата на учениците, посета на домовите на учениците, разновидни собири, приредби, изложби, работни акции, собирни акции и други активности.

**Институции од областа на образованието**

Во текот на оваа учебна година ќе продолжи и ќе се продлабочи соработката со основното училиште Халинов од Република Полска со цел размена на искуства во образованието, културна соработка и јакнење на пријателствата. Ќе се продолжи и соработката со основното училиште од с. Десово, како наше партнер училиште, за проектот за меѓуетничка интеграција. Покрај соработката со овие две училишта, нашето училиште успешно соработува и со училиштата од с.Дебреште, с.Пласница, с.Другово, с.Мало Коњари, ООУ„Кочо Рацин“ Прилеп и СОУ „Св. Наум Охридски“ М.Брод.

Во учебната 2017/18 година се планира збратимување со две основни училишта од соседството и тоа: ОУ „Св.Кирил и Св.Методиј“ од Подрим, Р.Бугарија и ОУ „Гоце Делчев“ с.Јабука, Панчево, Р.Србија.

**Невладини организации**

Се планира соработката со детската градинка при рализација на одредена хуманитарна помош како и соработката со Центарот за средно образование, Домот на културата , Центарот за социјална заштита и Огранокот на црвениот крст при реализирање на разни активности .

Планирани се и активности кои ќе ги спроведе училиштето во соработка со невладината огранизација „Центар за европски интеграции“ -М.Брод , невладината организација „Луна“, како и со еколошкото друштво „Треска“ од М.Брод.

**Спортски друштва**

Како и до сега ќе се продолжи соработката со ЖФК „Порече“ 2015, ФК „Пролетер“ 1937 и Здружението за општински сојуз за училишен спорт Македонски Брод при реализација на турнири и разни спортски активности, како и активно учество во лигите организирани од Фудбалската Федерација на Македонија и Федерацијата за училишни спортови на Македонија.

**Здравствени организации**

Како и до сега, така и во идниот период нашето училиште продолжува да соработува со ЈЗО Здравствен дом од М. Брод и приватните здравствени ординации. Соработката се одвива преку разни здравствени активности како систематски прегледи на учениците од I, III, V, VII и IX одделение, како и разни презентации поврзани со здравјето на учениците и заштитата од разни болести. Предвиден е и акциски план со едукативни теми за здравјето на учениците со определено време на реализација, одговорни лица за реализација и очекувани исходи.

**Медиуми (со цел на промоција на училиштето)**

Нашето училиште редовно соработува со локалните станици. Учествува со свои дописи во весникот „Колибри“-„Нова Македонија“, Македонската радио телевизија, Сител телевизија, 24 Часа и др.  Се изработуваат  и училишни флаери за постигањата на учениците, целите на училиштето и сл.

Со цел  локалната средина  подетално да биде информирана за актуелностите во училиштето,  ќе се настојува да се обезбедат средства и да се продолжи со издавањето на училишниот весник „Гласот на Климент“.

**Прилози од Програмата „Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем на Република Македонија**

Методологијата на седумте чекори еко-менанџмент (формирање на еко одбор,анализа на состојбата на животната средина,план на активности,следење и евалуација на напредокот,поврзување со наставната и воспитна програма,информирање и вклучување на целото училиште и пошироката јавност,еко кодекс) овозможува училиштето да ја спои теоријата со праксата со реализација на четирите еко стандардите,точките на акција и деветте еко теми: вода, енергија,одржување на зградата и здрава животна средина во училштето,уреден двор,отпад,биодиверзитет,транспорт,здравје и одржлив развој.

Прилог:Поврзување „Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем“ со наставната програма за предметна настава.

Поврзување „Интегација на еколошкото образование во македонскиот образовен систем“ со наставната програма за одделенска настава.

Еко одбор составен од ученици,наставници,родители,локалната самоуправа ,невладини организации и бизнис секторот.

Правилник за работа на еко училиштето

Програма за работа на еко училштето

Програма за работа на еко координаторот

**Прилози:**

**1. Годишни програми за работа на :** Директор, Помошник директор, педагог, психолог, дефектолог, библиотекар училиштен одбор, совет на родители, наставнички совет, стручни активи, , хор и оркестар
**2.** Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања
**3.** Програма за самоевалуација на училиштето
**4.**Програма за заштита и спасување од евентуални непогоди
**5.** Програма за реализација на ученички екскурзии
**6**.Програма за реализација на ученички натпревари
**7**. Програми за додатна, дополнителна настава и слободни ученички активности
**8**.Програма за општествено хуманитарна работа
**9**. Програма за работа на ученичката заедница
**10.** Програма за соработка со локалната средина и локалната заедница
**11.** Програма за грижа за здравјето на учениците
**12**. Програма за јавна и културна дејност на училиштето
**13**.Програма за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовае систем
**14**. Програма за реализација на проектот за меѓуетничка интеграција во образованието
**15**. Програма за продожување и продлабочување на соработката со основното училиште од Халинов Република Полска
**16**. Програма за инклузивен тим за образование
**17.** Програма за превенција од насилно однесување во основното училиште
**18** Програма за професионална ориентација на учениците
**19**. Распоред на часови
**20**.Следење вреднување и унапредување на воспитно образовната работа
**21**. Правилник за однесување на воспитно образовниот кадар, другите вработени, учениците и родителите на учениците во училиштето
**22**.Кодекси на однесување на учениците,вработените и родителите во училиштето

# Инструмент за подготовка, следење и евалвација на програмите и акциските планови

| Година 2017/2018 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Временска рамка (месец) | | | | | | | | | | | | | | | | Следење | | |
| **Активност** | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** | **✓ x** | **Потребен буџет** |
| Акциски планови | ✓ | ✓ | | ✓ | | | | | | | ✓ | ✓ | | | | | | | |
| Календар за работа | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Воспитно обр. кадар | | | | | | |
| Реализација на наставата | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Воспитно обр. кадар | | | | | | |
| Оценување | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Наставници | | | | | | |
| Подршка на ушениците | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | | | | | | |
| Грижа за здравјето | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Вработени иученици | | | | | | |
| Училишна клима и односи | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Вработени и ученици | | | | | | |
| Вклуч.на семејс. во училиштето | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ПП служба Родители | | | | | | |
| Промоција на училиштето | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Вработени род. и | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

## Тим за изработка на Годишната програма за работа на училиштето:

Комисија за изработка на Годишна програма за работа на ООУ„Св.Климент Охридски“ М. Брод во Учебната 2017/2018 година

| | | |
|---|---|---|
| 1.Тони Ставрески | 4. Кристина Симјаноска | 7. Соња Спироска |
| 2.Милисав Димоски | 5. Елена Новеска | 8.Рената Т Кузманоска |
| 3.Вера Китаноска | 6.Јовица Блажески | 9. Бобан Јандрески |

1. **Насловна страна и компјутерско техничко уредување на програмата** -Бобан Јандрески,Јовица Блажески Елена Новеска
2. **Вовед** - Милисав Димоски, Рена Т Кузманоска, Жарко Блажески
3. **Мисија и Визија** - Александра Кофилоска, Јасмина Јованова, Гоце Стојановски
4. **Веќе научено** – стекнати искуства – Билјана Трајаноска, Наташа Стојкоска, Нада Јаќимоска
5. **Подрачја на промени приоритети и цели** – Гордана Трајаноска, Јасмина Батанџиоска, Владе Угриноски
6. **Акциски Планови** – Јасмина Трајаноска, Ирена Кулеска, Васе Сиљаноски
7. **План за евалуација на акциските планови** - Соња Спироска, Златко Ристески, Мирјана Сиљаноска
8. **Календар за работа** – Маријана Ставреска, Дијана М.Ристеска, Александар Станкоски
9. **Настава** – Јагода Стефаноска, Богоја Стојаноски. Драган Цветаноски
10. . **Оценување** – Сузана Тренгоска, Драган Настески, Горан Ѓуроски
11. **Подршка на ученици** – Гордана Блажеска, Даниел Кузманоски, Вера Китаноска
12. **Грижа за здравјето** - Васка Димоска, Славко Тренкоски, Мирјана Јандриеска
13. **Училишна клима и односи во училиштето** – Кристина Симјаноска, Драгана Златеска, Валентина Ѓуроска
14. **Професионален развој на образовниот кадар** – Лидија Андова, Звонко Блажески, Светлана Танеска
15. **Вклученост на семејствата во училиштето** – Вера Китаноска, Зоран Стојаноски, Гоце Глигуроски
16. **Комуникација со јавноста и промоција на училиштето** – Маријана Трпеска, Елизабета Темелкоска, Јовица Блажески

**Датум 30.08.2017година**
**Македонски Брод**

**Директор**
**Тони Ставрески**

______________________ **М П** _____________________

**Претседател на УО**
**Вера Китаноска**